# РЕЗИМЕ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ





ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2026





ECM

## 1. Извршно резиме

Управниот одбор на АД ЕСМ го усвои Финансискиот извештај за периодот Јануари - Јуни 2026 година. Остварените финансиски резултати претставуваат позитивен сигнал и ги потврдуваат напорите за консолидација, реструктурирање, зголемување на домашното производство и оптимизација на процесите од сопствените производни капацитети.

По последователните предизвици во текот на изминатите две години (2024 и 2025 година), овој извештаен период ја потврдува патеката на деловен пресврт, преку трансформација на загубите во позитивен финансиски резултат и ширење на АД ЕСМ во повеќе бизнис сегменти.

## 2. Компаративна финансиска анализа (Јануари - Јуни 2024 – 2025 – 2026)

АД ЕСМ за периодот Јануари – Јуни 2026 година оствари вкупни приходи од 11.89 милијарди денари, вкупни расходи од 11,44 милијарди денари и добивка пред оданочување од 449 милиони денари. Ваквиот позитивен резултат е директна последица од преземени клучни чекори за зголемување на ефикасноста при работните процеси, при ископ на јаглен и при производство на електрична енергија, што резултираше со намалување на трошоците за ископ на примарното гориво и потрошувачката на мазут. Тоа директно влијаеше на намалување на целокупната производна цена на електричната енергија. Воедно, големи напори се вложија кон зајакнување на електро-енергетскиот систем со што се обезбеди доверливост во производството на електрична енергија.

За истиот извештаен период во 2025 година, вкупните приходи на АД ЕСМ беа 10,49 милијарди денари, вкупните расходи беа 15,24 милијарди денари и загубата беше -4,75 милијарди денари. Во 2024 година, за истиот период вкупните приходи беа 11,52 милијарди денари, вкупните расходи беа 15,57 милијарди денари и загубата беше -4,05 милијарди денари.

Во рамки на напорите за зајакнување на работењето на АД ЕСМ и постигнување на поагилно и позастапено пазарно присуство во различните бизнис сегменти на енергетскиот сектор, АД ЕСМ во споредба со истиот период од минатата година, оствари значајно зголемени приходи од продажба на електрична енергија и нудење на системски услуги. Овие сегменти со зголемени приходи во комбинација со подобрување на ефикасноста и кратењето на непродуктивните трошоци придонесоа за АД ЕСМ да го заврши периодот Јануари - Јуни 2026 година со добивка пред финансиските трошоци, даноците и пред амортизацијата (ЕБИТДА) од 1,65 милијарди денари.

Во текот на Јануари – Јуни 2026 година исплатени се обврски по кредити во износ од 1,39 милијарди денари, а до крајот на годината преостануваат уште 1,72 милијарди денари за отплата. АД ЕСМ има обезбедено средства за навремена отплата на сите свои обврски по кредити, а прудентно ги следи глобалните безбедносни и финансиски ризици и навремено ги прилагодува своите оперативни политики.

Со намалувањето на производната цена, АД ЕСМ функционира под просечните цени на регионалните берзи (HUPX). Тоа овозможува компанијата да биде своевиден заштитник против ценовни шокови за домаќинствата и малите бизниси.

### 3. Одржлив развој и стратешки инвестициски циклус

АД ЕСМ ќе го искористи овој финансиски резултат за забрзување на транзицијата кон нови, обновливи извори на енергија, но и подготовка на проекти кои подразбираат замена на јагленот како примарно гориво. На последниот состанок на Комитетот за јавни инвестиции, покрај тековните шест капитални проекти, беа потврдени и одобрени нови седум инвестициски проекти, а во процес на одобрување се и нови девет инвестициски проекти. Овие, вкупно 22 проекти ќе овозможат на среден и долг рок стабилно и доверливо производство на електрична енергија од домашни извори на енергија во сопственост на АД ЕСМ и долгорочна енергетска стабилност на државата со цел во иднина Македонија да прерасне во нето-извозник на електрична енергија.